"МАКЕДОНИЈАТУРИСТ" А.Д.
Бр. 02-621
18.03.2021 год.
СКОПЈЕ

**МАКЕДОНИЈАТУРИСТ АД СКОПЈЕ**

# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТАТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА МАКЕДОНИЈАТУРИСТ АД СКОПЈЕ ЗА ДЕЛОВНАТА 2020 ГОДИНА

Согласно обврските кои произлегуваат од Законот за трговски друштва, Управниот одбор на МАКЕДОНИЈАТУРИСТ АД Скопје (во понатамошниот текст: Друштвото) го поднесува овој Извештај до Собранието на акционери со цел да го запознае со најбитните активности, кои како орган на управување ги има преземено во изминатата 2020 година. Овие активности битно влијаеја на реализација на проектираната деловна политика на Друштвото и остварените финансиски резултати.

Во изминатата 2020 година, Друштвото ги остваруваше своите економски активности кон реализација на проектираниот Бизнис план во услови на прогласена глобална пандемија на вирусот Ковид-19 во текот на поголемиот дел од годината која директно го погоди секторот туризам и угостителство, во услови на прогласена вонредна состојба на територијата на целата држава во поголемиот дел од годината, како и во услови на годишна стапка на инфлација од 1,2 %.

Во текот на 2020 година пред Друштвото се исправи предизвик досега непознат и во светски рамки. Од тие причини главната тема на состаноците на Управниот одбор беше справувањето со глобална пандемија на вирусот Ковид-19 која директно го погоди работењето на Друштвото. За таа цел Управниот одбор превзема низа активности за намалување на негативните последици од глобалната пандемија врз работењето на Друштвото.

Покрај активностите во насока на имплемнтација на законските прописи, статутарните одредби и општите акти на Друштвото, Управниот одбор во новонастанатите услови, главниот акцент го стави на инвестициските активности се со цел периодот во кој деловната активност е речиси целосно замрена да се искористи за модернизација на дел од подружниците според најсовремените трендови во хотелиерството. Во исто време со цел да се намалат трошоците на целокупното работење што е можно повеќе во услови кога неможат да се генерираат приходи од главната дејност на Друштвото, во почетокот на месец јули донесена е Одлука за времен прекин со деловна активност на подружниците: Бест Вестерн "Хотел Турист", Хотел "Карпош" и Хотел "Водно".

Понатаму, со оглед на тоа дека главната активност е насочена кон модернизација на дел од подружниците, а цел побрзо и поефикасно тие да се реализираат во почетокот на месец декември донесена е Одлука за времен прекин со деловна активност на подружницата Хотел "Холидеј Ин" заради изведување   на инвестициски активности и во исто време со деловна активност започна подружницата Бест Вестерн "Хотел Турист".

Главната инвестициска активност во текот на 2020 година беше комплетното реновирање на Хотелот "Холидеј Ин" со цел исполнување на новите стандарди поставени од IHG Групацијата. Оваа инвестиција започна во 2019 година врз основа на Одлуката на Управниот одбор за што беа издвоени средства и беа направени првите иницијални инвестициони активности, продолжи во текот на целата 2020 година кога беа започнати поголемиот дел од активностите и се очекува да зарши во текот на 2021 година со што ќе го постави на самиот врв во хотелиерската дејност.

Понатаму,  текот на 2020 година беа превземени и други инвестициски активности, односно  во Хотел "Белви" беше извршено реновирање на кујната, реновирање на предниот дел од фасадата на хотелот, додека пак инвестициските активностите во тек се однесуваат на целосно затворање на терасата со стаклени панели, реновирање на ентериерот на ресторанот како и набавката и поставување на нов теписон се очекува да се завршат во текот на 2021 година.

Во Хотел "Карпош" во текот на 2020 година поставена е платформа и тенда на терасата на хотелот која ќе може да се корисити и како сала за конференции. Исто така започнати се активности за набавка и поставување на нов теписон кои се очекува да бидат завршени во текот на 2021 година.

Набавка на нов теписон е извршена и за потребите на Бест Вестерн "Хотел Турист" неговото комплетно поствување се очекува да биде во текот на 2021 година, исто така извршена е замена на старите со нови компресори на системот за греење и ладење, со што се очекува да има поголеми заштеди на енергија, намалување на трошоците, како и поголема заштита на животната средина.

Покрај инвестициските активности Управниот одбор превзема и низа активности со цел да се намалат поголем дел од трошоците, посебно во делот на фиксните трошоци, како и на останатите трошоци, а во исто време се извршија вложувања на дел од слободните парични средства во хартии од вредност - акции издадени од компании кои котираат на македонската берза, како и во корпоративна обврзница која ќе носи фиксен приход во текот на подолг временски период. Со сите овие активности на Управниот одбор во голема мера се намалија негативните последици од глобалната пандемија на вирусот Ковид - 19 кои значително влијаеа на резултатите од работењето на Друштвото.

Друштвото и во услови на глобална пандемија ја покажа својата општествена одговорност со тоа што во борбата против ширењето на вирусот Ковид – 19 отстапи дел од своите сместувачки капацитети за сместување на лица спроведени во државен карантин организиран од Владата на Р.С. Македонија.

Финансиските резултати и показателите за работењето се содржани Извештајот за работењето на Друштвото во 2020 година, истите се директна последица на глобалната пандемија на вирусот Ковид – 19 кој ја погоди целокупната светска економија а посебно секторот туризам и угостителство во кој работи Друштвото

Со целкупното свое ангажирање и превземените мерки Управниот одбор во голема мера успеа да ги намали негативните последици од глобалната пандемија на вирусот Ковид – 19.

Во наредната 2021 година Управниот одбор ќе продолжи активно да работи на превземањето на низа мерки со цел да се подобрат резултатите од работењето на Друштвото во целина, како и за намалување на негативните последици од глобалната пандемија која и на почетокот на 2021 година продолжува со несмален интензитет.
Исто така Управниот одбор и понатму ќе врши и перманентна грижа за интересите на акционерите и на вработените.

Целокупната деловна активност во 2020 година Друштвото ја оствари со целосно ангажирање на членовите на Управниот одбор, членовите на Надзорниот одбор, вработените во Друштвото како и со искажаната доверба од страна на акционерите.

"Македонијатурист" АД Скопје
Претседател на Управен одбор
Доне Таневски